АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА
СТОПАНИСУВАЊЕ СО ДЕЛОВЕН ПРОСТОР
ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ - СКОПЈЕ

ул. Орце Николов бр. 138, Скопје, пошт. фах 38, телефон: 3226-072

Врз основа на член 142 став 6 од Законот за јавни набавки („Сл. весник на Република Македонија" бр. 136/07 ,130/08 ,97/10 и 53/11) пречистен текст службен весник бр.24/12, член 24 од Статутот на АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост Скопје а врз основа на Записник од отворање на понуди бр.05-2373/9 од 04.12.2012 година, Извештај од спроведена постапка бр.05-2373/10 од 04.12.2012 година и Извештај за текот на е-аукцијата од Комисијата за јавни набавки бр.05-2373/16 од 07.12.2012 година, по оглас за доделување на договор за јавна набавка бр. 04-2012 за јавна набавка со примена на постапка со прибирање на понуди со е-аукција Директорот на Друштвото донесе

# О Д Л У К А
## за избор на најповолна понуда
## за Сервисирање на возила и одржување хигиена на возила

На основ на Записникот од отворање на понудите бр.05-2373/9 од 04.12.2012 година Извештајот од спроведената постапка бр.05-2373/10 од 04.12.2012 година и Извештај за текот на е-аукцијата од Комисијата за јавни набавки бр.05-2373/16 од 07.12.2012 по оглас за доделување на договор за јавна набавка бр. **04/2012** од Комисијата за јавни набавки на АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост Скопје по Одлука за јавна набавка бр.05-2373/2 од 22.10.2012 година , Одлука за измена на одлука за јавна набавка бр.05-2373/4 од 13.11.2012 година Одлука за измена на Одлука бр.05-2373/6 од 14.11.2012 и Одлука за измена на одлука за јавна набавка бр.05-2373/21од 25.12.2012 година за јавна набавка со постапка со прибирање на понуди со објава на оглас бр.04/2012 година за **Сервисирање на возила и одржување хигиена на возила** договорот за јавна набавка се доделува на:

**„Флит Консалтинг" ДОО**

**Ул„Гиго Михајловски„ бр.11/1-4 Скопје**

Изборот е извршен врз основа на рангирање на 3 (три) прифатливи понуди.

Се задолжува Комисијата за јавни набавки во рок од 3 (три) дена од донесувањето на одлуката писмено да ги извести понудувачите за Одлуката за доделување на договор за јавна набавка и да достави копија од предметната Одлука во прилог на известувањето.

Се задолжува Комисијата за јавни набавки во известувањето да го извести:

-Понудувачот чија понуда е избрана за најповолна.

-Понудувач кој поднел прифатлива понуда која не била избрана за најповолна, за името на избраниот понудувач или понудувачи и причините за

изборот.

Се задолжува Секторот за правни и општи работи по конечноста на оваа Одлука, да изготви Договор за доделување на јавна набавка со носителот на најповолна понуда, во се спрема понудата, записникот, извештајот, моделот на договор и условите од тендерската документација

Се задолжува Секторот за финансии за реализација на предметниот договор за јавна набавка.

Правна заштита

Секој економски оператор кој има правен интерес за добивање договор за јавна набавка и кој претрпел или би можел да претрпи штета од евентуално прркршување на одредбите од Законот за јавни набавки, може да бара правна заштита против одлуките, дејствијата и пропуштањата за превземање на дејствија од страна на договорниот орган во постапката за доделување на договор за јавна набавка.

Жалбата се изјавува до Државната комисија за жалби по јавни набавки.

Жалбата се поднесува лично или по препорачана пошта истовремено до договорниот орган и до Државната комисија.

Жалбата се изјавува во рок од три дена од денот на приемот на одлуката со која се одлучува за поединечно право од постапката за доделување на договор за јавна набавка, во однос на утврдувањето на способноста на пријавите за учество или евалуација на понудите и одлуката.

**Генерален Директор**
**Шеваљ Цеку , дипл.социолог**

**доставено до**:

- Сектор за финансии,
- Сектор за правни и општи работи
- Комисија за јавни набавки-Кире Бузлиев
- архива

| | |
|---|---|
| изготвил: | Анета Тодоровска |
| одобриле: | Љубица Лозаноска |
| | Светлана Сотировска |
| | Јанко Михајловски |